# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 61** **Год. LX** **Понеделник, 13 септември 2004** **Цена на овој број е 350 денари**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**С О Д Р Ж И Н А**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1151. | **Указ** бр. 3 од Претседателот на Република Македонија............................. | 1 |
| 1152. | **Указ** бр. 4 од Претседателот на Република Македонија............................. | 2 |
| 1153. | **Закон** за финансирање на единиците на локалната самоуправа...................... | 2 |
| 1154. | **Закон** за комуналните такси.............. | 17 |
| 1155. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за административните такси..... | 22 |
| 1156. | **Закон** за даноците на имот.................. | 27 |
| 1157. | **Одлука** за избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје……… | 44 |
| 1158. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката на АД „Електростопанство на Македонија“, во државна сопственост – Скопје за определување на цена на електрична енергија на ФЕНИ – ИНДУСТРИ Кавадарци…………………...... | 44 |
| 1159. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за давање согласност за продажба на идеален дел од имот…........ | 44 |
| 1160. | **Одлука** за одземање на земјоделско земјиште…………………………........... | 44 |
| 1161. | **Одлука** за престанување на правото на користење и пренесување на право на користење на дел од недвижен имот – простор……………………........... | 45 |
| 1162. | **Одлука** за престанување и давање на користење на дел од недвижен имот – објект……………………….................. | 45 |
| 1163. | **Правилник** за критериумите за финансирање на програмите односно проектите по одделни дејности во културата…………………................ | 45 |
| 1164. | **Решение** за ставање во примена на установен катастар на недвижности... | 48 |
| 1165. | **Одлука** за содржината и начинот на функционирање на кредитниот регистар………………………………........ | 48 |
| 1166. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за задолжителна резерва на банките во денари…….......... | 50 |
| 1167. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за условите и начинот за добивање на дозвола и вршење на менувачки работи...... | 50 |
| 1168. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за начинот на водење на евиденцијата за секоја трансакција на брз трансфер на пари ……………........................... | 50 |
| 1169. | **Политика** на управување и ракување со девизните резерви на Република Македонија……………………........... | 50 |
| | **Објава** за трошоците на живот за месец август 2004 година во однос на месец јули 2004 година……………… | 51 |
| | **Коефициенти** за порастот на цените и порастот на трошоците на живот во Република Македонија за месец август 2004 година…………………… | 51 |
| | **Огласен дел**......................................... | 1-76 |

**1151.**

**У К А З БР. 3**
**ОД 10.09.2004 ГОДИНА**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001)

**Се поставува по мирновремена и воена формација**

**За заменик на командантот на КОВ во Генералштабот на Армијата на Република Македонија**

**полковник Лекоски Наум Зоран,**

ФЧ: полковник, по формација: бригаден генерал,
Лична ВЕС: 31440, ЕМБГ: 0209955434001,

до сега: Командант на 1. пешадиска бригада во командата на КОВ, во Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Овој указ да се изврши веднаш.

Бр. 07-310
10 септември 2004 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1152.**

**У К А З БР. 4**
**ОД 10.09.2004 ГОДИНА**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001)

**Се поставува по мирновремена и воена формација**

**За Командант на 1. пбр во Командата на КОВ во Генералштабот на Армијата на Република Македонија**

**полковникот Сејдини Саме Насер,**

ФЧ: полковник, по формација: бригаден генерал,
Лична ВЕС: 31640, ЕМБГ: 2910957363001,
до сега: упатен на школување во Р. Турција.

Овој указ да се изврши веднаш.

Бр. 07-309
10 септември 2004 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**1153.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

Се прогласува Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 септември 2004 година.

Бр. 07-3573/1
6 септември 2004 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# **З А К О Н**
# **ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
### **Предмет на законот**

(1) Со овој закон се уредува финансирањето на единиците на локалната самоуправа (во натамошниот текст: општина).

(2) Финансирањето на градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа се уредува со овој закон и со Законот за градот Скопје.

### Член 2
### **Дефиниции**

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Поимот **општина** го вклучува градот Скопје, освен ако поинаку не е утврдено со овој закон;
2. **Сопствени извори на приходи** се локални даноци, локални такси и локални надоместоци, приходи од сопственост на општината, самопридонес, парични казни, донации и други приходи утврдени со закон;
3. **Буџет** е годишен план за финансирање на надлежностите на општината, кој се состои од годишна процена на приходите по извори и на расходите по намени;
4. **Општински буџетски корисници** се органите на општината и јавните служби основани од општината;
5. **Локален данок** е данок за кој општината ја утврдува висината на стапката во рамките определени со закон;
6. **Локална такса** е паричен надоместок за услугите и правата кои општинските органи ги даваат на правни и физички лица, чија висина ја утврдува општината во рамките определени со закон;
7. **Локален надоместок** е паричен надоместок за покривање на трошоците поврзани со услуги кои општинските органи ги даваат на правни и физички лица, чија висина ја утврдува општината во согласност со закон;
8. **Дотација** е трансфер од Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината;
9. **Приходи од данок на додадена вредност** се дел од приходите од данок на додадена вредност што се распределуваат по општини;
10.**Наменска дотација** е дотација наменета за финансирање на конкретна активност;
11. **Капитална дотација** е дотација наменета за финансирање на општински проекти за капитални инвестиции;
12. **Блок дотација** е дотација наменета за финансирање на надлежностите во определена област утврдена со закон;
13. **Дотација за делегирана надлежност** е трансфер на средства од буџетот на органот на државната управа до буџетот на општината, што се користат за финансирање на делегирана надлежност;
14. **Приходи од сопственост** на општината се приходи од право на сопственост на имот, финансиски средства и права и
15. **Задолжување** на општините е обезбедување финансиски средства од домашни и странски извори на капитал, во рамките и под услови утврдени со закон.

## II. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА

### Член 3
### **Извори на финансирање**

Извори на финансирање на општината се: сопствени извори на приходи, дотации на средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите и задолжувањето.

### Член 4
### **Сопствени извори на приходи**

Сопствени извори на приходи се:
1. Локални даноци утврдени со закон:
- данок на имот;
- данок на наследство и подарок утврден со закон;
- данок на промет на недвижности и
- други локални даноци утврдени со закон;
2. Локални такси утврдени со закон:
- комунални такси;
- административни такси и
- други локални такси утврдени со закон;
3. Локални надоместоци утврдени со закон:
- надомест за уредување на градежно земјиште;
- надоместоци од комунална дејност;
- надоместоци за просторни и урбанистички планови и
- други локални надоместоци утврдени со закон;
4. Приходи од сопственост:
- приходи од закупнина;
- приходи од камати и

- приходи од продажба на имот со чија продажба не се нарушуваат јавните функции и надлежности на општините;

5. Приходи од донации;
6. Приходи од парични казни утврдени со закон;
7. Приходи од самопридонес и
8. Други приходи утврдени со закон.

Член 5

**Приходи од персонален данок на доход**

(1) Општините остваруваат приходи од персонален данок од доход наплатени во тековната година.

(2) Приходите од персонален данок на доход наплатени во тековната година се распоредуваат по општини, и тоа:

- 3% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано живеалиште и престојувалиште и
- 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност, регистрирани согласно со Законот за занаетчиската дејност, на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста.

Член 6

**Приходи од донации**

(1) Донациите во финансиски средства претставуваат приход на буџетот на општината.

(2) Донациите во ствари се евидентираат во имотот на општината.

(3) Намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава советот на општината.

Член 7

**Приходи од самопридонес**

(1) За задоволување на определени потреби на граѓаните, општината може да воведе самопридонес преку референдум.

(2) Со одлука на советот на општината се уредува намената, областа, времето за кое се воведува самопридонесот, вкупниот износ на средствата кои се собираат, обврзниците на самопридонесот, лицата кои се ослободуваат од плаќање на самопридонес, висината на самопридонесот (основицата и стапката), начинот на пресметување, вршењето на надзорот од граѓаните над наменското користење на средствата и други прашања.

Член 8

**Дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите**

(1) Со дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.

(2) Од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се распределуваат следниве видови на дотации:

- приходи од данок на додадена вредност;
- наменска дотација;
- капитална дотација;
- блок дотација и
- дотација за делегирана надлежност.

(3) Видот, износот и распределбата на дотациите по општини се составен дел на Буџетот на Република Македонија и на буџетите на фондовите.

(4) Надлежните министерства и фондовите најдоцна до 30 април во тековната година, ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на наменски и капитални дотации.

Член 9

**Приходи од данок на додадена вредност**

(1) Приходите од данок на додадена вредност се дотација за финансирање на надлежностите на општината утврдени со закон.

(2) Приходите од данок на додадена вредност се обезбедуваат во висина од:

- 3% од вкупно наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година.

(3) Распределбата на приходите од данок на додадена вредност се врши најмалку 50% според критериумот по жител и други критериуми утврдени со Уредбата за методологија за распределба на приходите од данок на додадена вредност што ја донесува Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија ја донесува Уредбата на предлог на министерот за финансии со претходна согласност на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините најдоцна до 30 јуни во тековната година за наредната година.

(4) Со Уредбата од ставот (3) на овој член за градот Скопје се утврдуваат посебни критериуми со кои се коригираат значителните разлики на градот Скопје во однос на општините во Република Македонија.

(5) За користењето на приходите од данок на додадена вредност, општината одлучува самостојно.

Член 10

**Наменска дотација**

(1) Наменската дотација се користи за финансирање на конкретна активност.

(2) Надлежните министерства и фондовите му предлагаат на Министерството за финансии распределба на наменските дотации по општини, по проект и институција и/или програми со буџетската пресметка за следната буџетска година.

(3) Надлежните министерства и фондовите го следат користењето на наменската дотација.

(4) При констатирање на неправилностите во користењето на дотацијата, надлежните министерства и фондовите ја запираат исплатата на средствата и за тоа го известуваат Министерството за финансии.

Член 11

**Капитална дотација**

(1) Капиталната дотација врз основа на програма утврдена од Владата на Република Македонија, се користи за финансирање на инвестициони проекти.

(2) Надлежните министерства и фондовите при распределбата на капиталните дотации, приоритет даваат на проектите со целосно обезбедени финансиски средства.

(3) Надлежните министерства и фондовите го следат користењето на капиталната дотација.

(4) При констатирање на неправилностите во користењето на дотацијата, надлежните министерства и фондови ја запираат исплатата на средствата и за тоа го известуваат Министерството за финансии.

(5) Кај општините кај кои ќе се констатира ненаменско трошење на средствата, може да се стопира финансирањето на капитални инвестиции.

Член 12

**Блок дотација**

(1) Блок дотацијата се користи за финансирање на надлежности утврдени во членот 22 точки 5, 7, 8 и 9 од Законот за локалната самоуправа, преку конкретни програми.

(2) Надлежните министерства и фондовите изготвуваат методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите, која се базира на фор-

мула со користење на соодветни показатели на потребите за секоја програма. Владата на Република Македонија донесува Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите на предлог на надлежното министерство по претходна согласност на Министерството за финансии и Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините.

(3) Висината на блок дотацијата не може да биде помала од износот на средствата од Буџетот на Република Македонија кои се користат за таа намена за таа област во претходната година од годината во која се пренесува соодветната надлежност.

(4) Блок дотацијата се искажува на соодветни позиции кај буџетските корисници во Буџетот на Република Македонија и во буџетите на фондовите.

Член 13

**Дотација за делегирана надлежност**

(1) Дотацијата за делегирана надлежност се користи за финансирање на делегираната надлежност од орган на државната управа на градоначалникот на општината.

(2) Средствата за делегираната надлежност се обезбедуваат од утврдениот износ за надлежниот орган на државната управа во Буџетот на Република Македонија.

(3) Дотацијата за делегираната надлежност се трансферира на начин кој овозможува навремено извршување на делегираните работи.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на општината, склучуваат договор за регулирање на меѓусебните односи сврзани со дотацијата за делегирана надлежност .

(5) Доколку градоначалникот на општината не ја изврши делегираната надлежност, средствата примени за финансирање на делегираната надлежност е должен да ги врати во Буџетот на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на кој требало да отпочне со вршење на делегираната надлежност од ставот (1) на овој член, согласно со договорот од ставот (4) на овој член, освен ако постоеле објективни пречки.

(6) Органот на државната управа го известува Министерството за финансии за склучените договори за делегирана надлежност.

Член 14

**Рокови за известување на општините**

Министерот за финансии, најдоцна до 30 септември во тековната година, со буџетски циркулар ја известува секоја општина одделно за видот и висината на дотациите за наредната буџетска година.

Член 15

**Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините**

(1) Владата на Република Македонија формира Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините.

(2) Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините ги има следниве надлежности:

- ја следи примената на критериумите за распределба на дотациите;
- предлага мерки за подобрување на системот на дотации;
- дава препораки за надминување на констатирани недостатоци при распределбата на дотациите;
- ја следи транспарентноста на процедурите и нивна доследна реализација при распределбата на средствата од дотациите;
- изготвува полугодишни и годишни извештаи за развојот на системот за финансирање на општините во кои утврдува предлози за подобрување на системот;
- го следи наменското користење на дотациите и
- дава претходна согласност на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данок на додадена вредност и на Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации.

(3) Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините ја сочинуваат претставници од:

- Министерството за локална самоуправа, еден член;
- Министерството за финансии, еден член;
- Министерството за образование и наука, еден член;
- Министерството за труд и социјална политика, еден член и
- Здружението на општините на Република Македонија, пет члена.

(4) Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините од своите членови избира претседател на Комисијата, на првата конститутивна седница.

(5) Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините има пристап до потребните податоци согласно со закон.

(6) Извештаите од ставот (2) алинеја 5 на овој член, кои ги подготвува Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, се поднесуваат до Владата на Република Македонија, која ја известува јавноста за нивната содржина.

III. УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ПРИХОДИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

Член 16

**Утврдување и наплата на сопствените приходи**

(1) Работите на утврдување и наплата на сопствените приходи на општините утврдени со закон ги врши општинската администрација.

(2) За вршење на работите од ставот (1) на овој член, општината може да склучи договор со друга општина или со Управата за јавни приходи.

Член 17

**Трансфер на дотациите од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите**

(1) Дотациите од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се трансферираат согласно со прописите за трезорско работење.

(2) Трансферот на приходите од данок на додадена вредност и блок дотациите од Буџетот на Република Македонија до буџетот на општината се врши во најмалку 12 рати.

(3) Дотациите од ставот (1) на овој член се трансферират најдоцна до последниот работен ден во месецот за претходниот месец, освен последната рата, која се трансферира најдоцна до 15 декември во тековната буџетска година

IV. ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Член 18

**Задолжување**

(1) Општината може да се задолжува во земјата и странство според условите утврдени со овој и со друг закон.

(2) Општината може да се задолжува во странство само по претходна согласност на Владата на Република Македонија, врз основа на мислење на Министерството за финансии.

(3) Задолжувањето на општината е во домашна валута, освен за заемите од странство.

(4) Сите пристигнати обврски кон добавувачите кои надминуваат 90 календарски дена се сметаат за задолжување.

(5) Општината не може да даде под хипотека имот на општината, кој служи за вршење на дејностите од јавен интерес утврдени со закон.

Член 19
**Краткорочно задолжување**

(1) Општината може да се задолжува краткорочно во земјата, со заем што ќе се отплати до крајот на тековната фискална година.

(2) Краткорочното задолжување се користи за покривање на привремен недостиг на готовински средства во општината, но не и за плаќање на казни и казнени камати.

(3) Вкупниот износ на краткорочното задолжување во текот на фискалната година не може да надмине 20% од реализираните вкупни приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната фискална година.

Член 20
**Долгорочно задолжување**

(1) Општината може долгорочно да се задолжува за финансирање на капитални средства и инвестиции, само ако отплатата на долгот се врши во еднакви или опаѓачки ануитети.

(2) Советот на општината го одобрува долгорочното задолжување, по претходно одржана јавна расправа во општината. На јавната расправа се опишува проектот и се објаснуваат условите за негово финансирање.

(3) Одлуката за долгорочно задолжување на советот на општината важи само доколку договорот за задолжување се склучи во фискална година во која таа е донесена.

(4) Вкупниот износ на годишното отплаќање на долгот за долгорочното задолжување не може да надмине 15 % од вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната фискална година.

(5) Вкупниот износ на непристигнатиот долгорочен долг на општината, вклучувајќи ги и сите издадени гаранции не може да го надмине износот на вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната година.

(6) Општината во рок од десет работни дена од денот на неговото потпишување, до Министерството за финансии го доставува договорот за заем и амортизационен план.

(7) Општината го известува Министерството за финансии за секоја исплата на рата во врска со долгот во рок од десет работни дена.

Член 21
**Издавање гаранции**

(1) Владата на Република Македонија може да гарантира за обврски по долгорочни заеми на општината, вклучувајќи ги и јавните служби што ги основала општината, само во случај кога обврската е преземена со закон.

(2) Општината може со одлука на советот да гарантира и да презема обврски кои произлегуваат од долгорочни заеми на јавните претпријатија основани од општината.

V. БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА

Член 22
**Буџет на општината**

(1) Буџетот на општината се изготвува, донесува и извршува во согласност со Законот за буџетите, ако со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Расходите се извршуваат во согласност со прописите за нивно извршување, а во рамките и намените утврдени во буџетот.

Член 23
**Содржина на буџетот**

(1) Буџетот на општината се состои од општ и од посебен дел.

(2) Општиот дел содржи:
- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно-оперативни приходи и расходи и
- биланс на капитални приходи и расходи.

(3) Во посебниот дел на буџетот се прикажани расходите според класификацијата на расходите што ја пропишува министерот за финансии, групирани според корисници и програми.

(4) Посебниот дел на буџетот содржи и анекси кои се однесуваат на:
- финансиски планови (биланс на приходи и расходи) на јавните служби основани од општината кои целосно или делумно се финансираат од буџетот на општината и
- образложение на буџетот.

(5) Со донесувањето на буџетот, советот на општината донесува одлука за извршување на буџетот.

Член 24
**Биланс на тековно-оперативни приходи и расходи**

(1) Тековно - оперативни приходи на буџетот на општината се сите приходи освен дотациите од Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите наменети за финансирање на капитални инвестиции, средствата од самопридонес и средствата обезбедени преку заеми.

(2) Тековно-оперативни расходи на буџетот на општината се сите расходи и отплатата на каматата врз основа на долгорочното задолжување, освен капиталните расходи.

Член 25
**Биланс на капиталните приходи и расходи**

(1) Капитални приходи на буџетот на општината се дотациите од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите за финансирање на капитални инвестиции, средствата од самопридонес, од донации и од други извори на приходи.

(2) Капитални расходи на буџетот на општината се расходите за капитални инвестиции и капитални трансфери.

Член 26
**Наменско користење**

Средствата од буџетот на општината можат да се користат само за намените и во износите утврдени во буџетот.

Член 27
**Буџетски процес**

(1) Министерот за финансии, најдоцна до 30 септември во тековната година, изготвува буџетски циркулар за наредната година.

(2) Со буџетскиот циркулар општините се известуваат за основните макроекономски индикатори, главните насоки за изготвување на општинскиот буџет, дотациите за општината што ќе се трансферираат од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на фондовите, како и од приходите од други извори.

(3) Во буџетскиот циркулар се утврдува формата и содржината на буџетот на општината.

(4) Роковите за планирање на општинскиот буџет се регулираат со буџетски календар донесен од советот на општината.

(5) Со буџетскиот календар се утврдуваат роковите во кои:

- градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови;
- општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот и
- градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до советот на општината.

Член 28
**Донесување на буџетот**

(1) Советот на општината го донесува буџетот за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година.

(2) Доколку советот на општината не го донесе буџетот на општината до 31 декември во тековната година, е должен да донесе одлука за времено финансирање и финансиски план за нејзино спроведување за период од 1 јануари до 31 март за тековната година.

(3) Градоначалникот одобрува исплата на средства од буџетот по трошоци во претходната фискална година, за секој месец, по позиции, во периодот на временото финансирање, но најмногу до една дванаесеттина од извршените трошоци во претходната година.

(4) Финансискиот план за спроведување на временото финансирање на општината е составен дел на буџетот за тековната година.

Член 29
**Ребаланс на буџетот**

(1) Доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, во согласност со закон.

(2) Ребаланс на буџетот на општината се донесува во постапка според која се донесува буџетот на општината.

Член 30
**Извршување на буџетот**

(1) За извршување на буџетот е одговорен градоначалникот на општината.

(2) Потписник на сметката на буџетот на општината е градоначалникот на општината или во негово отсуство, од него две овластени лица вработени во општинската администрација.

(3) Општината не може да изврши плаќање доколку одговорниот сметководител претходно писмено не потврди дека расходот е одобрен во буџетот и дека се обезбедени потребните средства.

Член 31
**Буџетска резерва**

(1) Во буџетот на општината може да се планира буџетска резерва за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи во износ не поголем од 3% од буџетот.

(2) Употребата на буџетската резерва ја одобрува градоначалникот на општината.

Член 32
**Периодични финансиски извештаи**

(1) Општинските буџетски корисници во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува до градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.

(2) Градоначалникот доставува до Министерството за финансии и до советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот.

(3) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на извештаите.

(4) По усвојувањето на извештаите од ставот (2) на овој член, за содржината на извештаите, градоначалникот ја известува јавноста. Доколку извештаите не бидат усвоени претседателот на советот јавно ги објавува причините за неусвојување на истите.

## VI. ГОДИШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА

Член 33
**Донесување на годишна сметка**

(1) По истекот на фискалната година, советот на општината донесува годишна сметка на буџетот на општината.

(2) Годишната сметка ги содржи сите елементи што ги содржи буџетот на општината искажани како планирани и остварени приходи и расходи за сите општински буџетски корисници.

(3) Градоначалникот ја доставува годишната сметка за донесување до советот на општината, најдоцна до 28 февруари во наредната година.

(4) Советот ја донесува годишната сметка најдоцна до 15 март во тековнатата година, за претходната година и ја доставува до Министертвото за финансии, најдоцна до 31 март во тековната година.

(5) По донесувањето на годишната сметка, градоначалникот за нејзината содржина ја информира јавноста.

Член 34
**Годишен извештај**

(1) Советот на општината усвојува годишен извештај.

(2) Составен дел на годишниот извештај се:

- годишната сметка;
- извештај за средствата, побарувањата , обврските и изворите на средства и нивната вредност;
- извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности и
- извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

## VII. СМЕТКОВОДСТВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА, КОНТРОЛА И РЕВИЗИЈА

Член 35
**Водење на сметководство**

(1) Општината и јавните служби основани од општината, водат сметководствена евиденција согласно со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Градоначалникот и одговорниот сметководител се одговорни за примената на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Член 36
**Одговорен сметководител**

Градоначалникот на општината одредува одговорен сметководител, кој има завршено економски факултет и најмалку пет години работно искуство во областа на финансиите.

Член 37
**Внатрешна ревизија**

(1) Општината воспоставува систем и процедури за внатрешна ревизија согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии.

(2) Советот на општината ги назначува внатрешните ревизори на предлог на градоначалникот.

(3) Внатрешниот ревизор треба да има завршено економски или правен факултет и најмалку две години работно искуство во областа на финансиите.

(4) Внатрешниот ревизор е независен и е одговорен пред градоначалникот и пред советот.

(5) Извештаите на внатрешната ревизија им се доставуваат на градоначалникот и на советот на општината.

(6) За вршење на работите на внатрешната ревизија, општините можат да склучат договор со друга општина.

Член 38
**Надворешна ревизија**

Државниот завод за ревизија врши редовни годишни ревизии на сите финансиски извештаи на општината, во согласност со Законот за државната ревизија.

VIII. ФИНАНСИСКА НЕСТАБИЛНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 39
**Финансиска нестабилност**

(1) Финансиска нестабилност на општината настанува доколку:

- главниот државен ревизор констатира значителни неправилности во финансиското работење на општината;
- општината не го плати утврдениот долг во рок од 90 дена од датумот на пристигнувањето;
- сметката на општината е континуирано блокирана во период од 30 календарски дена или 45 дена со прекини во рамките на 60 календарски дена и
- општината ги надмине максималните ограничувања за задолжување во согласност со овој закон.

(2) За настанатата финансиска нестабилност од ставот (1) на овој член, градоначалникот, односно претседателот на советот на општината го известува министерот за финансии во рок од пет работни дена од нејзиното настанување.

Член 40
**Комисија за надминување на финансиската нестабилност на општината**

(1) Министерот за финансии во рок од 15 дена по добивањето на известувањето од ставот (2) на член 39 на овој закон или од датумот од кој на кој и да било начин, дознал за постоење на еден од случаите од членот 39 став (1) на овој закон, ќе донесе решение за започнување на посебна постапка за надминување на финансиската нестабилност на општината (во натамошниот текст: посебна постапка) и ќе формира Комисија за надминување на финансиската нестабилност на општината.

(2) Доколку министерот за финансии оцени дека нема основа за започнување на посебната постапка согласно со членот 39 став (1) на овој закон, за истото го известува градоначалникот и советот на општината.

(3) Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината ја сочинуваат претставници од:

- Министерството за финансии, еден член;
- Министерството за локална самоуправа, еден член;
- Државниот завод за ревизија, еден член;
- советот на општината, еден член и
- градоначалникот на општината.

(4) Право на одлучување имаат претставниците од Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа и Државниот завод за ревизија. Одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови.

(5) Претседател на Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината е претставникот од Министерството за финансии.

(6) Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината има за задача да изготви предлог на мерки за разрешување на финансиската нестабилност и да го следи извршувањето.

(7) Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината има пристап до сите потребни информации, документацијата и извештаите потребни за извршување на задачите.

Член 41
**Мерки и активности за надминување на финансиската нестабилност на општината**

(1) Од датумот на започнување на постапката за надминување на финансиската нестабилност, општината не може да:

- донесува одлуки со кои може да се зголемуваат финансиските обврски;
- основа јавни служби (јавни претпријатија и установи) и
- врши плаќања за обврски што не се во согласност со планот за разрешување на финансиската нестабилност на општината.

(2) Од датумот на основање, Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината го следи финансиското работење на општината и неговата усогласеност со законските обврски и одговорности.

(3) Во рок од 15 работни дена од основање на Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината, градоначалникот подготвува изменување и дополнување на буџетот (во натамошниот текст: ребаланс), во насока на надминување на финансиската нестабилност на општината, кој по одобрување од Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината се доставува до советот на општината на усвојување.

(4) Доколку советот на општината не го усвои ребалансот од ставот (3) на овој член, градоначалникот истиот го доставува на мислење до Министерството за финансии.

(5) Министерството за финансии изготвува мислење по однос на ребалансот и доколку има забелешки, градоначалникот е должен истите да ги вгради во ребалансот и да го достави на советот на повторно разгледување и усвојување.

(6) Доколку финансиската нестабилност не се надмине во тековната фискална година, за наредната фискална година градоначалникот е должен да предложи буџет, кој ги содржи основните елементи за надминување на финансиската нестабилност утврдени со ребалансот од ставовите (3), (4) и (5) на овој член.

Член 42
**План за спроведување на мерките и активностите за надминување на финансиската нестабилност на општината**

(1) Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината во рок од 15 дена од влегувањето во сила на ребалансот подготвува План на мерки и активности за надминување на финансиската нестабилност на општината, кој го доставува до градоначалникот (во натамошниот текст: план).

(2) Градоначалникот во рок од седум работни дена по добивањето на Планот, истиот го доставува на усвојување до советот. Советот е должен Планот да го усвои во рок од седум работни дена.

(3) Спроведувањето на Планот од ставот (1) на овој член е задолжително за општината.

Член 43
**Известување за извршување на Планот**

(1) Градоначалникот на општината најмалку еднаш месечно или по барање на Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината, доставува детален извештај за реализација на мерките и активностите содржани во Планот.

(2) Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината, изготвува месечни извештаи за своето работење кои ги доставува до министерот за финансии.

(3) Кога Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината ќе оцени дека се надминати причините што довеле до финансиската нестабилност на општината, веднаш писмено го известува министерот за финансии и му предлага да донесе решение за престанок на работа на Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината.

IX. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Член 44
**Општи начела**

(1) Фискалната децентрализација според овој закон се спроведува во фази и подразбира воспоставување на механизам за финансирање на општините кој е транспарентен и заснован на објективни критериуми и мерила.

(2) Трансферите од Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите се реализираат истовремено со трансферот на надлежностите на општините, согласно со Законот за локалната самоуправа и другите закони од соодветните области.

(3) Фазниот пристап на фискалната децентрализација согласно со овој закон се заснова на следниве начела:

- постепено пренесување на надлежностите во согласност со капацитетот на општините за преземање на овие надлежности;
- правично и соодветно обезбедување на средствата за ефикасно и непречено извршување на пренесените надлежности и
- намалување на средствата во Буџетот на Република Македонија и фондовите за функциите што ќе се пренесат во надлежност на општините.

Член 45
**Трансфер на средства во првата фаза од децентрализацијата**

(1) Во првата фаза пренесувањето на средствата на општините ќе започне од 1 јануари 2005 година.

(2) Трансфер на дотациите од Буџетот на Република Македонија ќе се врши на следниов начин:

- Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии до 15 септември 2004 година ќе донесе Уредба за методологија за распределба на приходите од данок на додадена вредност по општини за 2005 година и Министерството за финансии со буџетскиот циркулар ќе ги извести општините за износите на приходите од данок на додадена вредност планирани во Буџетот на Република Македонија;
- Владата на Република Македонија на предлог на надлежните министерства до 15 септември 2004 година ќе донесе Уредба за методологија за распределба на капиталните и наменските дотации без средствата наменети за плати и Министерството за финансии со буџетскиот циркулар ќе ги извести општините за планираните износи на овие дотации;
- општините до 31 декември 2004 година ќе започнат со спроведување на планот за решавање на заостанатите обврски кои произлегуваат од долгови кон изведувачите и другите доверители за обврски настанати заклучно со 31 декември 2001 година. Активностите за решавање на заостанатите обврски ќе ги координира Министерството за финансии и
- најмалку 90% од вкупниот број општини во кои живее најмалку 90% од населението во Република Македонија:

а) во рамките на општинската администрација да имаат најмалку двајца вработени кои се квалификувани да работат во областа на финансиското управување, подготвувањето на буџетот, неговото извршување, сметководството и финансиските извештаи и

б) во рамките на општинската администрација да имаат најмалку тројца вработени, кои се квалификувани да работат на утврдување и наплата на даноци.

(3) Владата на Република Македонија ќе формира Комисија која оценува дали се исполнети условите од ставот (2) на овој член.

Член 46
**Трансфер на средства во втората фаза од децентрализацијата**

(1) Блок дотациите во јавните установи што вршат работи согласно со надлежностите од членот 22 став (1) точки 5, 7, 8 и 9 од Законот за локалната самоуправа, се пренесуваат од Буџетот на Република Македонија на определена општина кога:

- ги исполнила условите од првата фаза;
- има соодветен кадровски капацитет за финансиско управување;
- покажува добри финансиски резултати во работењето во период од најмалку 24 месеци;
- за добрите резултати од работењето навремено и правилно го известува Министерството за финансии и тоа е потврдено од Министерството за финансии и
- нема заостанати ненамирени обврски кон добавувачи или кон кои било други доверители, кои ги надминуваат условите на плаќање што се вообичаени.

(2) Владата на Република Македонија формира Комисија која оценува дали се исполнети сите услови од ставот (1) на овој член.

(3) Блок дотациите од ставот (1) на овој член се доделуваат на општините кои ќе ги исполнат условите, по претходно писмено барање поднесено до надлежното министерство и до Министерството за финансии.

X. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 47
**Прекршоци**

Одговорното, односно раководното лице на општината ќе се казни за прекршок со парична казна од 30.000 денари до 50.000 денари, ако:

1) општината се задолжи во странство без претходна согласност на Владата на Република Македонија (член 18 став (2));

2) општината даде под хипотека имот на општината кој служи за вршење на дејностите од јавен интерес утврдени со закон;

3) општината ги користи средствата од краткорочниот заем за плаќање на казни и казнени камати (член 19 став (2));

4) општината го надмине ограничувањето од 20% од реализираните вкупни приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната фискална година врз основа на вкупно краткорочно задолжување во текот на фискалната година;

5) отплатата на долгорочниот заем не се врши во еднакви или опаѓачки ануитети;

6) општината го надмине ограничувањето од 15% од вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната фискална година за вкупната годишна отплата на долгорочниот заем;

7) општината не се придржува на условите за висината на вкупниот непристигнат долгорочен долг (член 20 став (5));

8) не го достави договорот за заем и амортизационен план во рок од десет работни дена до Министерството за финансии;

9) не го извести Министерството за финансии за секоја исплатена рата во рок од десет работни дена;

10) неточно ги прикаже вкупните расходи и не ги користи за намените одредени со буџетот (член 22 став (2));

11) не ги користи средствата за утврдените намени и презема обврски над износите на трошоците утврдени со годишниот буџетски документ (член 26 );

12) не се придржува на роковите за подготвување, предлагање и доставување на донесување на буџетот (член 27);

13) не се придржува на рокот за донесување на буџетот (член 28);

14) не се предложи на советот на општината усогласување на приходите и расходите со одлука за измена и дополнување на буџетот ( член 29 );

15) не се одобри употребата на буџетската резерва (член 31 став (2));

16) не се придржува на роковите за подготвување и доставување на периодичните финансиски извештаи (член 32);

17) не се придржува на роковите за донесување и доставување на годишната сметка (член 33, ставови (3) и (4));

18) одреди одговорен сметководител кој не ги исполнува утврдените услови (член 36);

19) се назначат внатрешни ревизори од друг орган освен утврдениот со закон и/или кои не ги исполнуваат утврдените услови (член 37 ставови (2) и (3));

20) не се извести министерот за финансии во утврдените рокови (член 39 став (2));

21) општината не ги подготви и донесе актите во согласност со утврдените процедури и рокови (член 41 ставови (3), (4), (5) и (6));

22) општината не се придржува на утврдените процедури и рокови (член 42 став (2)) и

23) општината не се придржува на утврдените рокови за подготвување на план на мерки и активности за надминување на финансиската нестабилност (член 43 став (1)).

## XI. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 48

**Преземање на вработените и на имотот на подрачните единици на Министерството за финансии**

(1) Општината сметано од 1 јануари 2005 година, презема дел од вработените од Министерството за финансии - Одделение за финансиски и заеднички работи кои извршуваат работи на сметководство и финансиско управување.

(2) Просториите, опремата и средствата за работа на Одделението за финансиски и заеднички работи се преземаат согласно со бројот на преземените работници.

(3) Архивата и документацијата што се однесуваат на надлежностите што се пренесуваат од Одделението за финансиски и заеднички работи на Министерството за финансии, се преземаат согласно со закон и со друг пропис.

Член 49

**Преземање на дел на работите на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи**

(1) Општината, сметано од 1 јануари 2005 година, ги презема вработените од Министерството за финансии - Управа за јавни приходи од регионалните дирекции и даночни одделенија кои ги извршуваат тие работи.

(2) Просториите, опремата и средствата за работа од регионалните дирекции и даночни одделенија на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи се преземаат согласно со бројот на преземените работници.

(3) Архивата и документацијата од регионалните дирекции и даночни одделенија на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи се преземаат согласно со закон и со друг пропис.

Член 50

**Задолжувања на општината**

(1) Општината може да се задолжува долгорочно во земјата во согласност со одредбите на овој закон и да дава гаранции за јавните претпријатија кои се основани од општината, откако Министерството за финансии утврди дека општината:

- во период од најмалку 24 месеца, од денот на примената на овој закон, редовно доставува позитивно оценети финансиски извештаи и

- во период од две години, од денот на примената на овој закон, нема ненамирени обврски кон доверителите.

(2) Министерството за финансии може по исклучок да даде согласност за финансирање на капитални инвестиции, пред роковите утврдени во ставот (1) од овој член, доколку средствата се обезбедуваат од меѓународна финансиска институција и за тоа согласност даде Владата на Република Македонија.

Член 51

**Општински фондови**

(1) Со денот на примената на овој закон се укинуваат општинските фондови кои имаат статус на правни лица.

(2) До денот на примената на овој закон општинските фондови од ставот (1) на овој член се должни да ги затворат сметките отворени во деловните банки.

(3) Вработените, имотот, опремата, средствата за работа, архивата и документацијата на општинските фондови од ставот (1) на овој член, се преземаат од новоформираната општина.

(4) Ненаплатените побарувања и ненамирените обврски на општинските фондови се преземаат во буџетот на општината.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 52

Одредбите од членовите 22, 27, 28 , 44, 45 и 46 на овој закон ќе се применуваат со денот на влегување во сила на истиот.

Член 53

Одредбите од членот 37 ќе отпочнат со примена една година по влегувањето во сила на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

Член 54

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон престануваат да важат членовите 4-ѓ, 4-е, 4-ж, 4-з, 5, 6, 6-а, 8, 19 и 46-а од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" број 79/93, 3/94, 71/96, 46/2000, 11/2001,93/2001, 46/2002 и 24/2003).

Член 55

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2005 година.

# L I GJ I PËR FINANCIMIN E NJËSIVE TË VETADMINISTRIMIT LOKAL

## I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Neni 1
**Lëndë e ligjit**

(1) Me këtë ligj rregullohet financimi i njësive të vetadministrimit lokal (në tekstin e mëtejmë: komuna).

(2) Financimi i Qytetit të Shkupit si njësi e veçantë e vetadministrimit lokal rregullohet me këtë ligj dhe me Ligjin për Qytetin e Shkupit.

Neni 2
**Përkufizime**

Nocione të caktuara të përdorura në këtë ligj kanë këtë domethënie:

1. Nocioni *komunë* e përfshin Qytetin e Shkupit, përveç nëse nuk është rregulluar ndryshe me këtë ligj;
2. *Burime vetjake të të hyrave* janë: tatimet lokale, taksat lokale dhe kompensimet lokale, të hyrat nga prona e komunës, vetëkontributi, dënimet me para, donacionet dhe të hyrat tjera të rregulluara me ligj;
3. *Buxhet* është plani vjetor për financimin e kompetencave të komunës, i cili përbëhet nga vlerësimi vjetor i të hyrave sipas burimeve dhe të dalave sipas destinimeve;
4. *Shfrytëzues komunalë të buxhetit janë* organet e komunës dhe shërbimet publike të themeluara nga komuna;
5. Tatim lokal është tatimi për të cilin komuna përcakton lartësinë e shkallës në suaza të përcaktuara me ligj;
6. *Taksë lokale* është kompensimi në para për shërbimet dhe të drejtat të cilat organet komunale ua japin personave juridikë dhe fizikë, lartësinë e së cilës e përcakton komuna në suazat e përcaktuara me ligj;
7. *Kompensim lokal* është kompensimi në para për mbulimin e shpenzimeve lidhur me shërbimet të cilat organet komunale ua japin personave juridikë dhe fizikë, lartësinë e së cilës e përcakton komuna në pajtim me ligjin;
8. *Dotacion* është transferi nga Buxheti i Republikës të Maqedonisë dhe buxhetet e fondeve në buxhetin e komunës;
9. *Të hyra nga tatimi mbi vlerën e shtuar* janë pjesë e të hyrave nga tatimi mbi vlerën e shtuar të cilat shpërndahen nëpër komuna;
10. *Dotacion i destinuar* është dotacioni i destinuar për financimin e aktivitetit konkret;
11. *Dotacion kapital* është dotacioni për financimin e projekteve komunale për investime kapitale;
12. *Bllok dotacion* është dotacioni i destinuar për financimin e kompetencave në fushë të caktuar të përcaktuar me ligj;
13. *Dotacion për kompetencë të deleguar* është transferi i mjeteve nga buxheti i organit të administratës shtetërore në buxhetin e komunës, të cilat shfrytëzohen për financimin e kompetencës së deleguar;
14. *Të hyra nga pronësia* e komunës janë të hyrat nga e drejta për pronësi të pronës, mjeteve financiare dhe të drejtave;
15. *Ngarkim* me borxh i komunave është sigurimi i mjeteve finaciare nga burimet e vendit dhe të huaja të kapitalit, në suazat dhe nën kushte të përcaktuara me ligj.

## II. FINANCIMI I KOMUNËS

Neni 3
**Burimet e financimit**

Burime të financimit të komunës janë: burimet vetjake të të hyrave, dotacione të mjeteve nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë dhe nga buxhetet e fondeve dhe të ngarkuarit me borxh.

Neni 4
**Burimet vetjake të të hyrave**

Burimet vetjake të të hyrave janë:

1. Tatimet lokale të përcaktuara me ligj:
- tatimi mbi pronën;
- tatimi mbi trashëgiminë dhe dhuratën të përcaktuar me ligj;
- tatimi mbi qarkullimin e paluajtshmërive;
- tatime të tjera lokale të përcaktuara me ligj.

Me dënim me para prej 40.000 deri 50.000 denarë do të dënohet për kundërvajtje prefekti i komunës, prefekti i komunave në Qytetin e Shkupit dhe prefekti i qytetit të Shkupit nëse nuk merr vendim për lartësinë e tatimit mbi pronën në afatin e caktuar (nenet 30, 33 dhe 36).

Neni 94

(1) Me dënim me para prej 250.000 deri 300.000 denarë do të dënohet për kundërvajtje bartësi i qarkullimit pagesor nëse vepron në kundërshtim me nenin 73 paragrafi (6) i këtij ligji.

(2) për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni do të dënohet edhe personi përgjegjës te bartësi i qarkullimit pagesor me dënim me burg prej 30 deri 90 ditë dhe me dënim me para prej 40.000 deri 50.000 denarë.

Neni 95

Dënimet e arkëtuara me para nga nenet 90, 91, 92, 93 dhe 94 të këtij ligji janë të hyra të komuës, të komunave në Qytetin e Shkupit dhe të Qytetit të Shkupit në pajtim me ligjin.

PJESA E GJASHTË
DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 96

Me ditën e zbatimit të këtij ligji ndërpritet të vlejë Ligji për tatimet mbi pronën ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 80/93. 3/94, 71/96, 54/2000 dhe 24/2003).

Neni 97

Procedura për përcaktimin dhe arkëtimin e tatimeve mbi pronën të cilat nuk janë kryer deri në fillimin e zbatimit të këtij ligji, do të kryhen sipas dispozitave të cilat kanë vlejtur deri në fillimin e zbatimit të këtij ligji.

Neni 98

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse do të zbatohet nga dita e konstituimit të këshillave të komunave dhe të Qytetit të Shkupit dhe zgjedhjes së prefektëve të komunave dhe prefektit të Qytetit të Shkupit pas zbatimit të zgjedhjeve të para të ardhshme lokale në pajtim me Ligjin për zgjedhjet lokale ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 46/96, 12/2003, 35/2004, 52/2004 dhe 60/2004.

**1157.**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 15 од Уставот на Република Македонија и членовите 38 и 45 став 1 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 септември 2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ**

1. За претседател на Апелациониот суд во Скопје е избран Ведат Вели.

2. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3572/1
6 септември 2004 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

**1158.**

Врз основа на член 664, став 2 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/96, 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/00, 31/01, 50/01, 6/02, 61/02, 4/03 и 51/03), а согласно член 613, став 1 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.09.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА АД "ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА", ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦЕНА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ФЕНИ - ИНДУСТРИ КАВАДАРЦИ**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на АД "Електростопанство на Македонија", во државна сопственост-Скопје, за определување на цена на електрична енергија на ФЕНИ-Индустри Кавадарци УО бр. 02-4032/36/1 од 10.06.2004 година, донесена од Управниот одбор на ова акционерско друштво, на седницата одржана на 10.06.2004 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2947/1
6 септември 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р

**1159.**

Врз основа на член 416, став 1 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 06.09.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРОДАЖБА НА ИДЕАЛЕН ДЕЛ ОД ИМОТ**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката за давање согласност за продажба на идеален дел од имот, УО бр. 02-4823/37/13 од 12.07.2004 година, донесена од Управниот одбор на АД "Електростопанство на Македонија" во државна сопственост - Скопје, на седницата одржана на 12.07.2004 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3017/1
6 септември 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов**, с.р.

**1160.**

Врз основа на член 7 од Законот за земјоделско земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/98, 18/99 и 2/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.09.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ**

Член 1

Се одзема земјоделско земјиште во сопственост на државата од досегашниот корисник ПОС Скопско поле - Бутел во стечај и тоа:

- КО Бањани, површина 0 35 80 ха опишан во ПЛ бр. 466;
- КО Булачани, површина 62 25 55 ха во ПЛ бр. 706 и 328;
- КО Бутел, површина 4 45 08 ха во ПЛ бр. 768;
- КО Визбегово, површина 18 18 50 ха во ПЛ бр. 533,317, 438;
- КО Г. и Д. Оризари, површина 71 59 47 ха во ПЛ бр. 1153, 618, 599;

- КО Глува Бразда, површина 121 72 58 ха во ПЛ бр. 564, 565, 798, 623, 757;
- КО Кучевиште, површина 65 24 68 ха во ПЛ бр. 462;
- КО Радишани, површина 15 23 21 ха во ПЛ бр. 465;
- КО Раштак, површина 2 26 07 ха во ПЛ бр. 231;
- КО Стајковци, површина 101 28 40 ха во ПЛ бр. 120, 323;
- КО Црешево, површина 34 37 51 ха во ПЛ бр. 1004, 1005, 290;
- КО Чучер, површина 5 78 61 ха во ПЛ бр. 504;
- КО Мирковци, површина 0 37 48 ха во ПЛ бр. 99.

Или во вкупна површина од 503 12 94 ха.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3178/1 Претседател на Владата
6 септември 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Хари Костов,** с.р

**1161.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03) и член 4 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 06.09.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД НЕДВИЖЕН ИМОТ - ПРОСТОР

Член 1

Правото на користење на дел од недвижниот имот - простор, лоциран на ул. "7 Септември" Кавадарци, К.П. бр. 12709 К.О. Кавадарци 2, со Имотен лист бр. 1, со површина од 16,23 $м^2$ што се наоѓа на кат 1 во зграда 1, имот во сопственост на Република Македонија, од досегашниот корисник-дописништво на АД "Нова Македонија" - Скопје за општина Кавадарци се пренесува на Народната библиотека "Феткин" - Кавадарци, национална установа од областа на културата.

Правото на користење на недвижниот имот - просторија од став 1 на овој член се пренесува без надомест.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува правото на користење на недвижниот имот-просторија на досегашниот корисник - дописништво на АД "Нова Македонија" - Скопје за општина Кавадарци.

Член 3

Примопредавањето на недвижниот имот-просторија опишан во член 1 од Одлуката ќе се изврши помеѓу досегашниот корисник АД "Нова Македонија" - Скопје и Народната библиотека "Феткин" - Кавадарци.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3169/1 Претседател на Владата
6 септември 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Хари Костов**, с.р.

**1162.**

Врз основа на член 4 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат ("Службен весник на Република Македонија бр. 61/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.09.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД НЕДВИЖЕН ИМОТ-ОБЈЕКТ

Член 1

На Осумгодишното училиште "Св. Климент Охридски"-Охрид му престанува правото на користење на недвижниот имот евидентиран во Поседовен лист бр. 13631, Катастарска општина Охрид и тоа: дел од објект на улица "Климентска" бб-Охрид, со поединечна површина од 195$м^2$ (како дел од вкупната површина на објектот од 315$м^2$), што се наоѓа на К.П. бр. 15740, запишана како имот, сопственост на Република Македонија.

Имотот од ставот 1 на овој член се дава на користење на Министерството за култура.

Член 2

Со пренесувањето на дел од недвижниот имот на Министерството за култура престанува правото на користење на Осумгодишното училиште "Св. Климент Охридски"-Охрид.

Член 3

Правото на користење на недвижниот имот од членот 1 од оваа одлука се пренесува без надоместок.

Член 4

Примопредавањето на недвижниот имот опишан во членот 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Осумгодишното училиште "Св. Климент Охридски"-Охрид и Министерството за култура.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3218/1 Претседател на Владата
6 септември 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Хари Костов,** с.р.

**1163.**

Врз основа на член 66 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03 и 66/03), министерот за култура донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ОДНОСНО ПРОЕКТИТЕ ПО ОДДЕЛНИ ДЕЈНОСТИ ВО КУЛТУРАТА

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат критериумите за финансирање на програмите, односно проектите од национален интерес во културата, по одделни дејности во културата, што ќе бидат составен дел на Годишната програма на Министерството за култура и ќе се финансираат со средства од Буџетот на Република Македонија.

Член 2

Критериумите од член 1 на овој правилник се утврдени како општи и посебни по одделни дејности во културата.

ОПШТИ КРИТЕРИУМИ

Член 3

Програмите/проектите за да се утврди дека се од национален интерес за културата треба во согласност со Законот за културата и со насоките утврдени во Националната програма за културата за периодот од 2004 до 2008 год. ("Сл. весник на РМ" бр.31/2004) да исполнуваат барем еден од следните општи критериуми:

- Создавање кадровски, материјални и други услови за континуирано остварување на културата;
- Овозможување услови за остварување и заштита на врвни културни вредности;

- Поттикнување на разновидноста и разноличноста во културата;
- Обезбедување услови за достапност на граѓаните до културните вредности и нивно масовно користење;
- Обезбедување услови за остварување и за заштита на културниот идентитет на заедниците во Република Македонија;
- Грижа за културниот развој и остварување на културните права на македонското малцинство надвор од Република Македонија привремено вработени во странство од Република Македонија и иселениците од Република Македонија во странство без разлика на нивната етничката припадност;
- Создавање услови за рамномерен културен развој во Републиката;
- Афирмација на културата, културните различности од Републиката во странство и
- Културолошки истражувања.
- Да се утврдени како приоритет со годишните конкурси за финансирање програми односно проекти што се од национален интерес.
- Да не се финансирани од Министерството за култура преку ист вид на конкурс.

ПОСЕБНИ КРИТЕРИУМИ

Член 4

Програмите/проектите за да се утврди дека се од национален интерес за културата треба да исполнуваат барем еден од следните посебни критериуми по одделни дејности и области во културата:

**Издавачка дејност и литература**

- Книжевно творештво со високи вредности потврдено од рецензенти, од македонски автори на македонски јазик и на јазиците на заедниците на РМ;
- Преводи на македонски јазик на книжевно творештво на македонски автори припадници на заедниците во РМ, објавено на јазиците на заедниците на РМ и обратно;
- Дела од темелна културна вредност (монографии, хрестоматии, речници и сл.) и дела работени индивидуално и колективно како истражувачки проекти;
- Преводи на странски јазици, на дела објавени на македонски јазик и на јазиците на заедниците во Република Македонија, значајни за афирмирањето на културата на нашата држава;
- Преводи од странски и класични јазици на македонски јазик и јазиците на заедниците на Република Македонија;
- Електронско издаваштво (електронски списанија, веб страници поврзани со културата, мултимедијални ЦД ромови);
- Списанија во кои се објавуваат само содржини предвидени со точките 1,2,3,4,5 од претходниот текст, со дополнителен услов-висок професионален квалитет;
- Врвни манифестации со меѓународен карактер;
- Откуп на самостојно реализирана продукција според значењето, квалитетот на изданието и дефицитарноста на видот на литературата.

**Библиотечна дејност**

- Збогатување на книжевните фондови според бројот на жителите на територијата на која се наоѓа библиотеката и бројот на корисници, до 5% годишно од вкупниот книжен фонд;
- Заштита на националната книжна продукција и публикации и тоа на задолжителниот примерок и на старите ракописи, старопечатени и ретки книги и репрографија на библиотечниот материјал;
- Изработка и издавање на национална, специјални и роднокрајни библиографии;
- Развивање и унапредување на библиотекарството преку обука на кадар и примена на меѓународни стандарди за библиотечно работење;
- Унификација и стандардизација на библиотечната дејност преку воведување на минимум стандарди;
- Автоматизација на библиотечниот процес и формирање на единствена библиотечна информативна база преку поврзување во единствен библиотечно информативен систем;
- Промоција и презентација на тековната продукција на книжното културно наследство во земјата и надвор од неа;
- Стимулирање на меѓународна размена на публикации;
- Стимулирање на користење на интернет услугите од библиотеките и од рефералниот центар на НУБ ”Климент Охридски”- Скопје, за лични, образовни и професионални потреби.

**Музичка и сценско - уметничка дејност**

- Македонски праизведби, изведби или реализација на трајни записи на значајни дела од симфониската, камерната, оперската, балетската или ораторијалната литература;
- Реализација на светската музичка продукција со симфониски концерти, музичко-сценска продукција (опера и балет), камерни и солистички концерти;
- Активности на хорски ансамбли, мандолински оркестри и други вокални и инструментални состави кои овозможуваат масовна музичка култура;
- Проекти со кои се негува и професионално презентира македонскиот музички фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците во РМ;
- Стимулирање и афирмација на творештвото на млади продуктивни и репродуктивни творци на домашна и меѓународна сцена;
- Издавање на компакт дискови со домашно музичко творештво;
- Афирмација на современиот музички и музичко-сценски израз;
- Обезбедување на оригинални документи и заштита на врвни културни вредности;
- Реализација на програми за гостувања во Република Македонија;
- Поддршка на музичкото творештво на исклучително талентирани автори и изведувачи.

**Театарска дејност**

- Поддршка на домашна драматургија односно задолжително поставување на домашен текст во професионалните театри со приоритет на нови текстови - праизведби;
- Реализација на квалитетна продукција наместо квантитативна продукција;
- Реализација на театарски проекти на млади автори (режисери и автори - дебитанти);
- Поддршка на алтернативна драмска продукција (нови форми и изразни средства);
- Поддршка на драмскиот аматеризам и неговите манифестантни форми;
- Театарски фестивали и манифестации со меѓународен или национален карактер;
- Поддршка на драмски претстави селектирани за релевантни меѓународни театарски фестивали.

**Филмска дејност**

- Приоритет на филмски дела реализирани на филмска лента (за кино прикажување);
- Реализација на долгометражна продукција од домашни автори;
- Поддршка на копродукциски проекти и проекти поддржани од европските фондови;
- Поддршка на кратка и документарна продукција на млади автори и дебитанти;
- Развој на квалитетни филмски проекти;
- Презентација на македонската филмска продукција на фестивали од висока категорија.

**Ликовно творештво и галериска дејност**

- Презентација на врвни дострели од ликовното творештво без оглед на тоа дали носителот на проектот е институција, здружение, асоцијација или поединец;
- Презентација на ретроспективно - монографски и јубилејни изложби;
- Презентација на проекти кои прават пресек на одредени појави и тенденции и имаат проблемски, тематски или стилски толкувања на современата ликовна уметност;
- Поддршка на проекти кои можат да имаат пошироко влијание врз развојот на македонската современа ликовна уметност;
- Поддршка на проекти од меѓународно значење и соработка на реципрочна основа;
- Поддршка на самостојни и групни изложби на млади автори;
- Поддршка на значајни проекти од тековната продукција;
- Поддршка на истражувањата и експериментите во визуелните уметности;
- Поттикнување на преземање на самостојни и групни изложби во внатрешноста на земјата;
- Поддршка на процесот на создавање на ликовното дело, преку откуп на дела.

**Дејност на домови и центри за култура**

- Рамноправно учество и пристап на средства за програмата проекти од национален интерес на сите домови независно дали е национална установа или здружение;
- Поддршка и реализација на квалитетни програми/проекти со стимулирање и афирмација на домашно и странско музичко творештво;
- Размена и презентација на проекти на други сценски простори во државата;
- Поддршка на културата на локално ниво низ соработка помеѓу државата, локалната самоуправа и приватниот сектор;
- Поддршка копродукдциски проекти помеѓу домовите на културата и центрите за култура;
- Поддршка и негување на традиционалните културни вредности на сите заедници во државата;
- Поддршка на проекти на аматерски хорови, куд-ови, танцови групи и др. НВО кои се реализираат во рамките на програмата на домот или центарот за култура;
- Заштита на материјалното и духовното наследство, како и негување на изворниот музички фолклор;
- Афирмација на вокални, играорни и инструментални групи кои ја негуваат фолклорната традиција во својот крај;
- Поддршка на учество на смотри, натпревари и фестивали.

**Заштита на културното наследство**

- Документирање и евидентирање на постојната состојба на културното наследство;
- Изработка на проекти за конзерваторско-реставраторски работи и друг вид на непосредни заштитни интервенции, вклучувајќи ги заштитните археолошки ископувања и истражувања, историско уметничките, конзерваторските, геомеханичките, физичко-хемиските, биохемиските и друг вид истражувања за потребите на конзерваторските проекти и елаборати;
- Изработка на студии и програми за заштита на културното наследство;
- Конзерваторско-реставраторски работи и други видови заштитни интервенции на културното наследство;
- Претходна заштита на културно наследство согласно Законот за заштита на културното наследство;
- Прибирање, средување, обработка, чување и користење на податоци и документација за културното наследство;
- Презентација и користење на културното наследство;
- Популаризација на значењето на културното наследство;
- Стручна обука и усовршување на кадрите во установите од областа на заштитата на културното наследство.

**Кинотечна дејност**

- Истражување, прибирање и откуп на филмови од домашна филмска продукција;
- Обработка, чување и заштита на филмското наследство по современи методи и стандарди од оваа област;
- Збогатување на кинотечниот фонд на Кинотеката на РМ;
- Презентација и афирмација на кинотечниот материјал во земјата и странство.

**Музејска дејност**

- Проекти за евиденција, документација и валоризација на музејските предмети во јавните музеи;
- Заштита на музејскиот фонд во РМ, со цел за негово зачувување во изворна состојба, зачувување на интегритетот на сите податоци и сознанија за него, оспособување за задоволување на културните, научните, едукативните,туристичките и другите потреби на граѓаните;
- Археолошки истражувања и ископувања, рекогносцирања и слични истражувања од областа на етнологијата, историјата, историјата на уметност, природонауката, техниката и др. области;
- Презентација на музејскиот материјал преку постојани и повремени изложби во земјата и странство;
- Откуп и збогатување на музејските фондови;
- Стручно усовршување на кадри во музеите, преку обуки за анимирање на јавноста за значењето на сочувувањето и негувањето на културниот идентитет и едукација на јавноста преку анимирање во функција и на развој на економијата;
- Користење на музејските предмети во функција на социјален и економски развој преку организирање, саеми, ревии, карневали и други активности поврзани со етно традицијата;
- Вршење на матична дејност на музеите утврдени и согласно со законот.

**Културни манифестации**

- Проекти за фестивали и манифестации кои во своите програми ќе понудат квалитетна презентација како на уметнички така и на технички план;
- Врвни манифестации на аматеризмот;
- Манифестации кои се од значење за културниот развиток на државата и кои имаат меѓународен карактер.

**Поддршка на стручно усовршување на дефицитарни кадри и млади таленти**

- Поддршка на постдипломски студи и специјализации од областа на културата на талентирани млади уметници;
- Поддршка на дефицитарни уметнички и стручни кадри во културата кои студираат во странство, на факултети и постдипломски студии кои ги нема во образовниот систем на нашата земја;
- Поддршка на стручно усовршување на дефицитарни кадри од областа на менаџментот, маркетингот, анимирањето, едуцирањето и комуникациите во културата.

**Здруженија на граѓани и фондации во областа на културата-невладини организации**

- Проекти на струкови уметнички и стручни кадри од областа на културата за областа во која делуваат (писатели, преведувачи, музичари и други музичко-сценски уметници, филмски и драмски актери, балетски уметници, архитекти, археолози, библиотекари, музејски кустоси, конзерватори и други уметници и стручни кадри во културата);
- Стимулирање на културен дијалог и културна размена преку: иницијативи кои поттикнуваат и втемелуваат интегративни, заеднички културни вредности на локално, државно или меѓународно особено регионално рамниште; иницијативи за интеракција на идеи со

потребите на целата општествена заедницата; негување на културен плурализам, афирмација на различни културни идентитети и родова сензитивност; проекти за имплементација на културна децентрализација; активности за дефинирање на јасна, конкретна и реална визија за долгорочните и краткорочните перспективи во развојот на културата и уметноста, подобрување на нивото на медиумската свест и знаења за значењето на заштитата и негувањето на културата;

- Јакнење на капацитетите на културниот сектор преку: иницијативи за развој на културната политика, иницирање на нови интердисциплинарни модели за дејствување во културата; подигање на свеста и знаењата за начините на градењето на културниот контекст; поддршка на иницијативи кои ќе го подобрат начинот на менаџирање на културата; обука и едуцирање на уметниците и пошироката јавност за заштитата на авторското и сродните права;

- Стимулирање на учество на уметноста во креирањето и спроведувањето на општествени и економско-социјални промени преку: поддршка на иницијативи од областа на уметничката продукција кои директно ќе влијаат врз маркираните потреби за промени во општеството; развој на креативниот дух во маргинализираните средини; негување на автентичноста на заедниците во РМ; демистификација и подигнување на свеста во однос на табуизирани теми и социјализација и прифаќање на различностите во културата и пошироко;

- Партнерски иницијативи помеѓу две или повеќе невладини организации за реализација на проекти нарачани од МК преку конкурс.

**Меѓународна културна соработка**

- Проекти и програми што ги презентираат врвните домашни културни вредности;

- Учество на традиционални меѓународни презентации и манифестации;

- Проекти со висока креативност и квалитет потврдени со награди, признанија или позитивна критика;

- Проекти кои се реализираат во рамки на потпишани билатерални и друг вид меѓународни договори;

- Заеднички проекти од областа на културата односно копродукции на домашни и странски правни и физички лица, што се од национален интерес за Република Македонија;

- Презентација на проекти во странство кои ја афирмираат и унапредуваат културата на припадниците на етничките заедници;

- Проекти кои се реализираат во рамки на заеднички регионален, меѓународен проект, финансиран или кофинансиран од меѓународна организација или фондација;

- Проекти кои ќе ја стимулираат и унапредуваат регионалната соработка, особено со соседните земји, со земјите од Централна и Југоисточна Европа, како и со членки на Европската унија, на УНЕСКО, на Советот на Европа и на други меѓународни организации и асоцијации од областа на културата;

- Проекти кои се реализираат во земји во кои има македонско иселеништво;

- Проекти кои имаат реципрочен карактер;

- Презентација на книжевното творештво на меѓународни саеми и изложби на книги;

- Поддршка на аматеризмот, преку презентација на КУД-овите и аматерските ансамбли во странство.

**Инвестиции и одржување на опрема во културата**

- Проектите за инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата на националните установи и тоа за објектите што се во сопственост на Република Македонија и за објектите отстапени на установи на користење за вршење на културни дејности;

- Проекти за набавка и одржување на опрема на субјекти што вршат дејност од областа на културата доколку опремата е во функција на основната дејност и осовременување на процесот на работа.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 20-41-6/3
3 септември 2004 година
Скопје

Министер,
**Благој Стефановски**, с.р.

---

**1164.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на СРМ" бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА УСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Челопеци - општина Вранештица.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Челопеци, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Службен весник на СРМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5273/1
7 септември 2004 година
Скопје

Директор,
**Бисера Јакимовска**, с.р.

---

**1165.**

Врз основа на член 41-а и член 64, став 1, точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003 и 40/2004), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се регулира содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар, преку дефинирање на видот, начинот и роковите за доставување на податоците и информациите за водење на Кредитниот регистар и начинот и условите под кои тие можат да се користат од страна на корисниците на Кредитниот регистар.

2. Под Кредитен регистар, во смисла на оваа Одлука, се подразбира база на податоци и информации за кредитната изложеност на банките и штедилниците основани во Република Македонија спрема правни и физички лица. Целта на Кредитниот регистар е да овозможи:

- централизирање на податоците за кредитната изложеност на банките и штедилниците спрема правни и физички лица;

- давање на податоци и информации за кредитната способност на одделни правни и физички лица изразена преку просечната ризична категорија, што е од значење при одлучување за одобрување на кредитна изложеност на правно или физичко лице и/или при следење на кредитниот ризик врз основа на постојна кредитна изложеност спрема правно или физичко лице;

- обезбедување на податоци и информации за кредитната изложеност на поодделните банки и штедилници и банкарскиот систем во целина, за потребите на супервизорската функција на Народна банка на Република Македонија.

3. Корисници на Кредитниот регистар се банките и штедилниците кои имаат дозвола за основање и работење издадена од Народна банка на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.

## II. ВИД НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ВО КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР

4. Кредитниот регистар ги содржи следните податоци и информации:

- матичниот број на правното или физичкото лице;
- единствениот даночен број на правното лице;
- полниот назив на правното лице, односно името и презимето на физичкото лице;
- седиште на правното или физичкото лице. Во случај на странско лице, се наведува земјата каде е неговото седиште;
- ризичната категорија (А, Б, В, Г или Д) во која е класифицирано правното или физичкото лице, односно во која е класифицирана кредитната изложеност спрема тоа правно или физичко лице;
- износот на вкупната кредитна изложеност со посебно наведување на износот на: редовните кредити, нефункционалните кредити, побарувања по редовна камата, побарувања по нефункционална камата, други побарувања и вонбилансни ставки. Банката е должна да ги наведе поединечно сите домашни и странски банки; сите странски правни и физички лица; сите домашни небанкарски правни лица со вкупна кредитна изложеност над 500.000 денари и сите домашни физички лица со вкупна кредитна изложеност над 150.000 денари. Штедилницата задолжително ги наведува поединечно сите комитенти (физички и правни лица) со вкупна кредитна изложеност над 50.000 денари;
- видот на кредитната изложеност: денарска кредитна изложеност, денарска кредитна изложеност со девизна клаузула и девизна кредитна изложеност;
- износ на утврдените потенцијални загуби за кредитната изложеност спрема правно или физичко лице;
- побарувања од вонбилансна евиденција во кои се вклучуваат сите побарувања кои биле прекнижени во вонбилансна евиденција, заклучно со состојба 02.04.2003 година;
- ризикот на земјата утврден согласно листата која се доставува од страна на Народна банка на Република Македонија и потенцијалните загуби за ризик на земјата;
- претежната дејност на правното лице;
- намената на кредитната изложеност спрема физички лица: станбени кредити, потрошувачки кредити, негативни салда по тековни сметки, кредити врз основа на издадени кредитни картички и други кредити.

## III. НАЧИН ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ВОДЕЊЕ НА КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР

5. Банките и штедилниците се должни да доставуваат податоци и информации до Народна банка на Република Македонија за водење на Кредитниот регистар.

6. Податоците и информациите за водење на кредитниот регистар од точка 4 на оваа Одлука, се доставуваат по електронски пат со помош на посебна апликација, изработена од страна на Народна банка на Република Македонија.

7. Народна банка на Република Македонија врши усогласување на податоците и информациите доставени од страна на банките и штедилниците и прекласификација на ризичната категорија во која е класифицирано правното или физичкото лице, односно во која е класифицирана кредитната изложеност спрема тоа правно или физичко лице, согласно наодите од извршените непосредни теренски контроли.

8. Агрегираните податоци и информации од Кредитниот регистар се достапни на корисниците, најдоцна во рок од еден месец од рокот за нивно доставување утврден од страна на Народна банка.

## IV. НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ ОД КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР

9. Пристапот до податоците и информациите на Кредитниот регистар е автентициран, авторизиран и евидентиран.

10. Банките и штедилниците можат да ги користат следните податоци и информации од Кредитниот регистар:

- Назив на правното лице, односно, име и презиме на физичкото лице;
- Износ на вкупната кредитна изложеност на сите банки и штедилници основани во Република Македонија спрема правното или физичкото лице;
- Просечна ризична категорија на вкупната кредитна изложеност на сите банки и штедилници основани во Република Македонија спрема правното или физичкото лице;
- Број на банки и штедилници кои се кредитно изложени спрема правното или физичкото лице;
- Ризик на земјата;
- Претежна дејност;
- Други извештаи.

11. Податоците и информациите од Кредитниот регистар претставуваат службена тајна за корисниците на Кредитниот регистар и можат да се соопштат само на писмено барање на судот или во случаите утврдени со Закон.

12. Народна банка на Република Македонија ја утврдува просечната ризична категорија како однос помеѓу вкупниот износ на издвоена посебна резерва за потенцијалните загуби кои произлегуваат од кредитниот ризик и вкупната кредитна изложеност на сите банки и штедилници основани во Република Македонија спрема поединечно правно или физичко лице.

При утврдувањето на просечната ризична категорија, Народна банка на Република Македонија ја користи следната категоризација:

- просечна ризична категорија А - до 5%;
- просечна ризична категорија Б - од 5,01% до 17,5%;
- просечна ризична категорија В - од 17,51% до 37,5%;
- просечна ризична категорија Г - од 37,51% до 75%;
- просечна ризична категорија Д - од 75,01% до 100%.

13. Народна банка на Република Македонија ги чува податоците и информациите од точка 4 на оваа одлука 5 години од денот на нивното доставување.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

14. Гувернерот на Народна банка на Република Македонија, со Упатство, ќе ги пропише форматот, начинот и роковите на доставување и користење на податоците и информациите од страна на банките и штедилниците.

15. Банките и штедилниците се должни да назначат овластени лица за доставување и користење на податоците и информациите од Кредитниот регистар.

Банките се должни да ја достават листата на овластени лица од став 1 на оваа точка, најдоцна до 15.10.2004 година

16. За секоја промена на лицата од точка 15 на оваа Одлука, банките и штедилниците се должни да ја известат Народна банка на Република Македонија во рок од 5 работни дена по настанувањето на промената.

17. Штедилниците се должни да се усогласат со одредбите на оваа одлука и да ги доставуваат податоците и информациите од точка 4, почнувајќи од 31.12.2004 година.

18. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

О.бр 02-15/VII-1/2004
9 септември 2004 година
Скопје

Претседател
на Совет на Народна банка на
Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

**1166.**

Врз основа на член 13, 14 и 64 точка 2 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003 и 40/2004), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ ВО ДЕНАРИ**

1. Во Одлуката за задолжителна резерва на банките во денари ("Службен весник на РМ" бр.51/04-пречистен текст) точката 4 се менува и гласи:

"Обврската согласно точка 3 банките ја исполнуваат со готовина во благајна на банката и депозитни пари на сметката на банката кај Народна банка на Република Македонија, за секој календарски ден во периодот од 11-от ден во тековниот до 10-от ден во следниот месец, при што на крајот на период во просекот треба да имаат износ еднаков најмалку на износот на пресметаната задолжителна резерва."

2. Точката 5 се менува и гласи:

"Во исполнувањето на задолжителна резерва готовината во благајна на банката учествува со фиксен износ кој претставува 70% од просечната состојба на готовината во благајна на банката во текот на претходниот календарски месец, при што овој износ не смее да биде поголем од 30% од пресметаната задолжителна резерва."

3. Точката 6 се менува и гласи:

"Остатокот од обврската за задолжителна резерва, по вклучување на фиксниот износ на готовина во благајна, банките го исполнуваат со депозитни пари на сметката на банката кај Народна банка на Република Македонија."

4. Во точката 8 во став 1 бројот "11" се заменува со бројот "10".

По став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

"Просечната состојба на готовината во благајна се утврдува како просек на состојбата на книговодствената евиденција на сметката 101 од претходниот календарски месец и се доставува до Народна банка на Република Македонија најдоцна до 10-ти во месецот ."

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

5. Оваа Одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 11.10.2004 година.

О.бр. 02-15-VII-2/2004
9 септември 2004 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка на
Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

---

**1167.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ" бр. 34/01, 49/01, 103/01 и 51/03) и член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03 и 40/04), Советот на Народна банка на Република Македонија, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА И ВРШЕЊЕ НА МЕНУВАЧКИ РАБОТИ**

1. Во Одлуката за условите и начинот за добивање на дозвола и вршење на менувачки работи („Службен весник на РМ" бр.53/02 и 77/03) во точка 8 по алинеја 10 се додава нова алинеја 11 која гласи:

"- да води и посебен нумериран регистар, потпишан од овластениот менувач во менувачницата, за секоја трансакција која вклучува сума поголема од 2.500,00 ЕВРА во денарска противвредност во кој податоците ќе се забележуваат по хронолошки редослед.

Нумерираниот регистар треба да ги содржи следните податоци (полиња):

- реден број (кој треба да биде хронолошки);
- име и презиме на физичкото лице кое ја направило трансакцијата;
- ЕМБ или број на пасош (за нерезиденти);
- шифра на валута;
- износ во валута;
- износ во денари и
- поле за потпис на овластениот менувач во менувачницата;"

2. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О.бр.02-15/VII-3/2004
9 септември 2004 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка на
Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

---

**1168.**

Врз основа на член 21 став 4 од Законот за вршење на услуга брз трансфер на пари ("Службен весник на РМ" бр. 77/03) и член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02,51/03, 85/03 и 40/04) Советот на Народна банка на Република Македонија, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СЕКОЈА ТРАНСАКЦИЈА НА БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ**

1. Во одлуката за начинот на водење на евиденцијата за секоја трансакција на брз трансфер на пари ("Службен весник на РМ" бр. 4/04) по точка 5 се додава нова точка 6 која гласи:

"6. Давателот на услуга брз трансфер на пари и субагентот се должни да водат и посебен нумериран регистар, потпишан од овластеното лице на друштвото, за секоја трансакција која вклучува сума поголема од 2.500,00 ЕВРА во денарска противвредност во кој податоците ќе се забележуваат по хронолошки редослед."

Нумерираниот регистар треба да ги содржи следните податоци (полиња):

- реден број (кој треба да биде хронолошки);
- име и презиме на физичкото лице кое ја направило трансакцијата;
- ЕМБ или број на пасош (за нерезиденти);
- шифра на валута;
- износ во валута;
- износ во денари и
- поле за потпис на одговорното лице на друштвото

2. Точката 6 станува точка 7.

3. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/VII-4/2004
9 септември 2004 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка на
Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

---

**1169.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 12, а во согласност со член 25, член 26 и член 28 од Законот за Народна Банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03 и 40/04), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

**П О Л И Т И К А**
**НА УПРАВУВАЊЕ И РАКУВАЊЕ СО ДЕВИЗНИТЕ РЕЗЕРВИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка) управува со девизните резерви на Република Македонија (во натамошниот

текст: девизни резерви) на начин со кој се обезбедува соодветно спроведување на монетарната политика и политиката на девизниот курс на денарот и се овозможува навремено и редовно извршување на обврските на Република Македонија кон странство.

2. Гувернерот на Народна банка при поставувањето на монетарната политика и политиката на девизниот курс на денарот го одредува основното ниво на девизните резерви потребни за остварување на поставените задачи од точка 1 од Политиката.

3. Спроведувањето на монетарната политика и политиката на девизниот курс на денарот преку девизните резерви, во зависност од поставените задачи, Народна банка го врши со интервенции на девизниот пазар преку овластените банки.

Гувернерот на Народна банка со посебен акт подетално ги одредува правилата за интервенции на Народна банка на девизниот пазар.

4. Ракувањето со девизните резерви, Народна банка го врши со пласирање и чување во следните видови на инструменти:

а) монетарно злато што се чува во трезорот на Народна банка и на сметки на Народна банка во странство;

б) ефектива и чекови во конвертибилна странска валута кои се чуваат во трезорот на Народна банка;

в) девизи и девизни депозити на сметки на Народна банка кај странски централни банки, меѓународни финансиски институции и странски комерцијални банки;

г) специјални права на влечење на сметките на Народна банка кај Меѓународниот Монетарен Фонд;

д) меници, потврди за депозит, обврзници и други должнички хартии од вредност во конвертибилна странска валута издадени од странски држави и централни банки, меѓународни финансиски институции и странски комерцијални банки (во натамошниот текст: хартии од вредност), кои се чуваат во Народна банка или на сметки на Народна банка во странство;

ѓ) термински и репо договори кои Народна банка ги склучува со странски централни банки и меѓународни финансиски институтуции или за кои тие гарантираат или термински и репо договори кои Народна банка ги склучува со странски комерцијални банки и се плативи во странска валута.

5. При пласирањето на девизните резерви во одделните видови на инструменти од точка 4, Народна банка пред се се раководи од критериумите на сигурност и ликвидност, а потоа и рентабилност.

6. Критериумот на сигурност се обезбедува со пласирање на девизните резерви во инструменти на држави и централните банки на земји членки на ОЕЦД, меѓународни финансиски институции и комерцијални банки резиденти на земји членки на ОЕЦД кои поседуваат една од двете највисоки оценки за краткорочен кредитен рејтинг од најмалку две меѓународно признати рејтинг агенции. Поединечните пласмани во инструментите кај странските комерцијални банки можат да бидат најмногу до 10% од износот на девизните резерви. Хартиите од вредност во кои се пласирани девизните резерви се чуваат на старателски сметки кај централните банки на земји членки на ОЕЦД, меѓународни финансиски институции и комерцијални банки резиденти на земји членки на ОЕЦД кои поседуваат една од двете највисоки оценки за краткорочен кредитен рејтинг од најмалку две меѓународно признати рејтинг агенции.

7. Критериумот на ликвидност се обезбедува преку пласирање и чување на девизните резерви во краткорочни девизни депозити и хартии од вредност за кои постои ликвиден секундарен пазар. Валутната структура на девизните резерви треба да биде усогласена со задачите на монетарната политика и политиката на девизниот курс на денарот и валутната структура на обврските на државата спрема странство.

8. Управување со девизните резерви според критериумот на рентабилност подразбира остварување на принос пред се од камати на депозитите и на хартиите од вредност, а во исклучителни случаи и од добивка од ценовни разлики.

9. Гувернерот на Народна банка со посебен акт подетално ги одредува правилата за пласирање и чување на девизните резерви на Република Македонија

10. Со влегување во сила на оваа Политика престанува да важи Одлуката за ракување и пласирање со девизните резерви со кои ракува Народна Банка на Република Македонија (Стр. Дов. Бр.02-15/2 од 19.11.1992 година, Стр. Дов. Бр. 02-15/22 од 22.04.1997 година и О. бр. 02-15/II-5/2003 од 19.03.2003 година) и Политиката за интервенции на девизниот пазар О.бр. 02-15/CIV-35 од 26.12.2002 година

11. Оваа политика се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и влегува во сила со денот на донесување.

П.Бр. 02-15/VII-5/2004
9 септември 2004 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка на
Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

---

## О Б Ј А В И

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија (“Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002 и 46/2002), Министерството за труд и социјална политика

## О Б Ј А В У В А

1. Трошоците на живот за месец август 2004 година во однос на месец јули 2004 година, се пониски за 0,5%.

2. Исплатата на платите за месец август 2004 година во однос на месец јули 2004 година, работодавците од членот 3 став 1 ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
**Јован Манасијевски**, с.р.

---

Врз основа на член 74 од Законот за сметководство (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/93, 48/93, 6/95, 32/98, 39/99 и 70/2001), Државниот завод за статистика ги утврдува и објавува

## КОЕФИЦИЕНТИТЕ ЗА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ И ПОРАСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ АВГУСТ 2004 ГОДИНА

1. Месечниот коефициент на порастот на цените на производители на индустриски производи во август 2004 година во однос на јули 2004 година изнесува 0.004.

2. Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на месецот изнесува 0.019.

3. Коефициентот на пораст на цените на производители на индустриски производи во август 2004 година во однос на истиот месец од претходната година изнесува 0.022.

4. Коефициентот на пораст на животните трошоци во Република Македонија во август 2004 во однос на просекот на животните трошоци за 2003 година во Република Македонија изнесува - 0.002.

Директор,
**Катерина Костадинова-Даскаловска**

**НОВО НОВО НОВО**

**БАЗА НА ПОДАТОЦИ НА ЗАКОНСКАТА И ПОДЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 1945 ГОДИНА ДО ДЕНЕС**

**I**

**ЈП Службен весник на Република Македонија на интернет Ви ја нуди Базата на податоци на целата законска и подзаконска регулатива од 1945 година до денес (околу 6000 прописи, распоредени во 20 области и преку 60 подобласти), како и тековното издавање на службениот весник во дигитална форма.**

1) **За период од 12 месеци, за претплатниците на печатеното издание на „Службен весник на РМ ":**
   а) **за над десет** претплатнички акаунти .................. **4.880,00** денари по акаунт;
   б) **од шест до десет** претплатнички акаунти ........... **6.588,00** денари по акаунт;
   в) **од еден до пет** претплатнички акаунти ............... **8.540,00** денари по акаунт.

2) **За период од 12 месеци, за оние кои не се претплатници на печатеното издание на „Службен весник на РМ ":**
   а) **за над десет** претплатнички акаунти .................. **9.760,00** денари по акаунт;
   б) **од шест до десет** претплатнички акаунти ......... **10.980,00** денари по акаунт;
   в) **од еден до пет** претплатнички акаунти ............ **12.200,00** денари по акаунт.

3) **За период од 1 месец**
   цената изнесува **1.400,00** денари по претплатнички акаунт.

**Цените се со пресметан ДДВ од 18%.**

Прописите од Базата на податоци може да се печатат, со исклучок на прописите и интегралното издание на весникот од тековната година.

**II**

**ЈП Службен весник на РМ ви ги нуди и CD-ROM изданијата на весникот за 2001, 2002 и 2003 година по единечна цена од 2.000,00 денари или комплет за 5.000,00 денари**

**ПОРАЧКА – ЗАКЛУЧНИЦА**

Со оваа порачка – заклучница неотповикливо се претплатувам на:

1. **WEB страницата – издание на Службен весник на РМ**, за период од ____-____.200___ до ____-____ .200___ година, во ____________(__________) претплатнички акаунти.
   со зборови
2. **CD-ROM комплет изданија за 2001, 2002 и 2003 година**, или поединечно во _______ (__________) комплети – примероци.
   со зборови

Име и презиме: ____________________________ Назив на фирмата:______________________________

Адреса:__________________________________________________Место:______________________________

Телефон:__________________________Телефакс:________________e-mail:__________________________

(М.П) Нарачател,

_______________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769. Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2004 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.**
**Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.**